**20140170516**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 50 точки 1) и 4) од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/92, 20/03, 46/04,19/07, 84/08, 51/11 и 135/11), министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ И СЛУЖБЕНИ ПАСОШИ И ВИЗИ И ЗА ЛИСТАТА НА НОСИТЕЛИ НА ДИПЛОМАТСКИ И СЛУЖБЕНИ ПАСОШИ

Член 1

Во Правилникот за постапката за издавање на дипломатски и службени пасоши и визи и за листата на носители на дипломатски и службени пасоши („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 82/12), во член 7 ставови 2 и 3 алинеите 4 се бришат.

Член 2

Членот 8 се менува и гласи:

"Именуваните дипломатски или конзуларни претставници, дипломатите и административно-техничките работници во Министерството за надворешни работи упатени на работа во дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, членовите на нивните потесни семејства или на вонбрачната заедница, лицата на кои им престанала функцијата министер за надворешни работи, лицата поранешни амбасадори и генерални конзули, како и поранешни вработени во Министерството за надворешни работи со најмалку 20 години дипломатско искуство, барањето за издавање на дипломатски и службен пасош односно за издавање на дипломатската или службената виза го доставуваат до надлежната организациона единица на Министерството за надворешни работи за организациони работи."

Член 3

Во член 16 во ставот 3 зборовите "државните службеници" се заменуваат со зборовите "дипломатите и административно-техничките работници".

Ставот 5 се менува и гласи:

"Службените визи за носителите на службени пасоши во случај на службено патување во странство се издаваат за период од 30 дена до една година."

Член 4

Во член 17 во ставот 5 зборовите "државни службеници" се заменуваат со зборот "дипломати", а по зборовите "Министерството за надворешни работи" се додаваат зборовите "и лица упатени на работа во дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство врз основа на писмена спогодба"

Точката а) се менува и гласи :

"а) Во Министерството за надворешни работи - дипломати со дипломатски звања:

- Амбасадор;
- Ополномоштен министер;
- Министер советник;
- Советник;

- Прв секретар;
- Втор секретар;
- Трет секретар;
- Аташе.

Во точката б) се додава нова алинеја 12, која гласи: „-Конзуларен агент."

Член 5

Во член 18 став 1 алинејата 5 се менува и гласи:

"- Административно-технички работници во Министерството за надворешни работи "

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во .Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 90-114/1<br>14 јануари 2014 година<br>Скопје | Министер<br>за надворешни работи,<br>м-р **Никола Поповски,** с.р. |
| Бр. 12.1-4850/1<br>21 јануари 2014 година<br>Скопје | Министер<br>за внатрешни работи<br>м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |